**Општина Кривогаштани**
ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

Бр.24-11
од 14.11.2022 год
Кривогаштани

Градоначалникот на општина Кривогаштани решавајќи по Мислењето по јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП 332/2 КО Боротино за намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10MW, Општина Кривогаштани број 24-11 од 26.10.2022 година, изработено од Комисијата за урбанизам на Општина Кривогаштани, врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП 332/2 КО Боротино за намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10MW, Општина Кривогаштани, со технички број 0801-04-10/21 од 04.2022 год. изработен од Друштво за производство, трговија и услуги „Иванов Инженеринг“ Сашко Иванов Дооел Битола.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Кривогаштани, со Решение број 09-1417/1 од 31.12.2021 година, по разгледувањето на приложената документација и извршениот увид достави Мислење по јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП 332/2 КО Боротино за намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Кривогаштани, број 24-11 од 26.10.2022 година.

Градоначалникот на Општина Кривогаштани по извршениот увид на приложената документација и Мислењето од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20).

Врз основа на погоре споменатото и согласно член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање, донесе Решение како во диспозитивот.

Изработил,
Гоце Нешкоски

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Република Северна Македонија · ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ · Кривогаштани